Јавно претпријатие
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
Бр. 02-5870/4
2002 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 20 од Статутот на ЈП Водовод и канализација - Скопје, Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација на својата осумнаесета седница одржана на ден 02.10.2002 год. донесе

# О Д Л У К А

за ослободување од плаќање на дел од потрошена вода на корисници кои примаат постојана парична помош

1. Корисниците на постојаната социјална помош се ослободуваат од плаќање на вода до 10 м3 месечно по семејство.

2. До колку корисникот има поголема потрошувачка од 10 м3 вода, истата ќе се наплатува.

3. Оваа Одлука ќе ја спроведува Секторот за сметководство, финансиски работи и комерција.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето на согласност од Советот на град Скопје.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на
УПРАВЕН ОДБОР,
Д-р Тихомир Матевски

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Работничкиот Совет на поранешната ООЗТ Водовод и канализација во рамките на Ј.К.П- "Комуналец" на својата седница одржана на ден 31.01.1998 година на предлог на Комисијата за спорни сметки донесол Одлука со која корисниците на постојаната социјална помош ги ослободил од плаќање на вода до 10 м3 по семејство потрошена вода, со тоа што истите ја плаќаат само евентуално потрошената вода над 10 м3 вода. Исто така и од Работничкиот Совет на поранешна ООЗТ Комунална хигиена оваа категорија на семејство со Одлука се ослободени од плаќање ѓубретарина до 50 м2 стамбена површина.

Согласно оваа Одлука според евиденцијата на Наплатната служба на ЈП Водовод и канализација опфатени се 104 корисници.

Народниот правобранител на Република Македонија со овој допис до ЈП Водовод и канализација односно Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација да ја потврди одлуката на Работничкиот совет на ООЗТ Водовод и канализација, заради што Управниот Одбор на ЈП Водовод и канализација - Скопје на својата осумнаесета седница и ја донесе оваа Одлука.